Врз основа на член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/2014, 161/2008, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и 143/19) , и член 22 и член 23 од Законот за работните односи(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25 и 74/25) , Градоначалникот на општина Охрид објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**за вработување на работник на неопределено време во општина Охрид**

Се објавува јавен оглас за вработување на работник во општина Охрид на неопределено време на работно место:

1. **Одговорен на возен парк (УПР 04 03 А01 001).....................................................................1 извршител.**

   <u>Општи услови:</u>

- Заинтересираните кандидати за работно место Одговорен на возен парк потребно да ги исполнуваат следните услови
  - да е државјанин на Република Северна Македонија,
  - да е полнолетен,
  - активно да го користи македонскиот јазик,
  - да има општа здравствена способност за работното место и
  - со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење на
  - професија, дејност или должност.

<u>Посебни услови</u>

- Завршено најмалку средно образование;
- со или без работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Македонија како работен стаж.
- Положен возачки испит за Б или Ц категорија

<u>Потребни работни компетенции за работното место:</u>

- учење и развој
- комуникација
- остварување резултати
- работење со други/тимска работа и
- ориентираност кон засегнати страни

2. Кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас преку пополнување на пријава и приложување на докази за исполнување на условите за работното место утврдени во јавниот оглас.

Кон пријавата се приложува:

- Кратка биографија - CV;
- доказ за државјанство;
- доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;
- доказ за завршен соодветен степен на образование;
- доказ за положен возачки испит Б или Ц категорија
- доказ за работно искуство и

- доказ за здравствена и психофизичка способност утврдено од овластена здравствена установа согласно со закон.

**Напомена:** Заинтересираните кандидати задолжителните докази ги доставуваат во оригинал или заверен препис.

Пријавата за вработување може да се превземе од веб страната на општина Охрид, www.ohrid.gov.mk или во архивата на општина Охрид.

3. Работно време изнесува 40 часа неделно.
4. Паричниот износ на основната нето плата за работното место Одговорен на возен парк изнесува 36.000,00 денари.
5. Рокот за пријавување на огласот изнесува 5 (пет) работни дена од денот на неговото објавување.Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на поднесување на пријава.
6. Изборот на кандидатот Градоначалникот ќе го изврши во рок од 15 дена од денот на доставување на конечната ранг листа од страна на Комисијата за селекција.
7. Пријавата со потребните докази се доставува во затворен плик на адреса: Општина Охрид ул. „Димитар Влахов“ бр. 57 со назнака “вработување по јавен оглас“.
8. Лице за контакт: Лидија Грданоска моб. тел. 072 241 772.
9. Некомплетните и ненавремено поднесени пријави нема да бидат разгледувани.

Одобрил:Раководител Лидија Грданоска
Изготвил:Советник Владимир Ристески

Градоначалник
Кирил Пецаков